**Административно право**

**– список на доставени есеи и жалби за темата *одговорност на администрацијата,* група 2 –**

**21.03.2020**

| **ЕСЕИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Индекс** | **Поени** | **Забелешка / коментар** |
| 1. | 48065 | 1 | / |
| 2. | 48060 | 1 | / |
| 3. | 47975 | 1 | / |
| 4. | 47944 | 1 | / |
| 5. | 48014 | 1 | / |
| 6. | 48046 | 1 | / |
| 7. | 47998 | 1 | / |
| 8. | 47957 | 1 | / |
| 9. | 48012 | 1 | / |
| 10. | 48006 | 1 | / |
| 11. | 47979 | 0.5 | Не е појаснето за каков вид на одговорност станува збор, колку пратеници покренуваат интерпелација ниту пак дали постојат последици имајќи го предвид образложениот резултат од гласањето по интерпелацијата. |
| 12. | 47984 | 1 | / |
| 13. | 48008 | 1 | / |
| 14. | 48092 | 1 | / |
| 15. | 47970 | 1 | / |
| 16. | 48077 | 0 | Препис од PDF документ објавен на веб-страницата на Собранието (ЛИНК) во кој се објаснуваат облиците на парламентарна контрола. |
| 17. | 47945 | 1 | / |
| 18. | 47992 | 1 | / |
| 19. | 47976 | 1 | / |
| 20. | 48034 | 1 | / |
| 21. | 47974 | 1 | / |
| 22. | 48010 | 1 | / |
| 23. | 47990 | 1 | / |
| 24. | 48043 | 1 | / |
| 25. | 48009 | 1 | / |
| 26. | 47948 | 1 | / |
| 28. | 48106 | 1 | / |
| 29. | 47871 | 1 | / |
| 30. | 47997 | 1 | / |

| ЖАЛБИ | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| **Бр.** | **Индекс** | **Поени** | **Забелешка / коментар** |
| 1. | 48091 | 1 | Од аспект на структурата, жалбата е одлична. Во горниот лев агол, каде е наведено „преку“ не се пишува закон туку органот до кој се поднесува, а кој понатаму ја препраќа жалбата, ако тоа е случај. На пример „преку: Државниот просветен инспекторат до Агенцијата за администрација“. Што се однесува до содржината, иако е одлично што жалбата се заснова и на погрешно утврдена фактичка состојба и на погрешна примена на материјалното право, сепак, се споменува град Скопје, а во случајов доносител на решението за дисциплинска одговорност е Државниот просветен инспекторат. Исто така, се споменува постапка за вработување, која воопшто не е спомената во првостепеното решение. |
| 2. | 47946 | 0.5 | Од аспект на структурата, жалбата е добро срочена. Недостасува да се наведе бројот на решението кое се побива. Во врска со содржината, понапред е наведено дека како основ на жалбата се јавува погрешно утврдената фактичка состојба, а сепак според текстот подолу жалителот тврди дека има погрешна примена на материјалното право (не ја спори утврдената фактичка состојба туку адекватноста на мерката). |
| 3. | 48081 | 0.5 | Жалбата е одлична од структурна гледна точка. Недостасува да се наведе бројот на решението против која се поднесува (со тоа се помага на органот кој ја прима жалбата да ја спои со списите на предметот). Од содржинска гледна точка, жалбата не е елаборирана и не е појаснето зошто жалителот смета дека постои погрешна примена на материјалното / процесното право или погрешно утврдена фактичка состојба. |
| 4. | 48051 | 1 | Жалбата е одлична од структурна гледна точка. Од содржинска гледна точка, одлично е тоа што жалителот се повикува на материјални прописи и точно наведува зошто смета дека постои повреда на материјалното право. |
| 5. | 48048 | 1 | Структурно гледано, жалбата е одлична. Содржински, пак, жалителот одлично аргументира дека материјалното право е повредено поради тоа што органот не образложил како ги оценил доказите и како утврдил кои се суштествени (што е задолжително според членот 88, ст. 4 од Законот за општата управна постапка). |
| 6. | 48073 | 0.5 | Во поглед на структурата, жалбата е одлична. Во поглед, пак, на содржината, треба да се земе предвид дека Законот за административни службеници ги опфаќа и државните и јавните службеници, односно првостепениот орган сосема исправно ги применил мерките (со други зборови – |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | органот не згрешил со тоа што го применил Законот за административни службеници бидејќи не постои друг применлив пропис). Дополнително, жалителот требало добро да го разгледа решението кое во диспозитивот ги наведува членовите врз основа на кои се донесува мерката (види: точка 2 од диспозитивот). |
| 7. | 47809 | 1 | Структурата на жалбата е одлична. Од содржинска гледна точка, жалбата би можела да биде повеќе образложена. Ако, на пример, се наведува дека изведените докази се невистинити, би требало да се истакне зошто тоа е така. Позитивно е тоа што жалителот се повикува на материјалните прописи (Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда). |
| 8. | 48079 | 1 | Одлично составена жалба и од структурна и од содржинска гледна точка. Сепак, би било тешко да се тврди дека фактичката состојба е погрешно утврдена поради тоа што Комисијата за дисциплинска одговорност не го зела предвид огласот за вработување на инспекторот кој е одговорен. Имено, огласот не е релевантен во дадениот случај – неспорно е дека инспекторот е примен на работното место. Дисицплинската одговорност се утврдува поради фактот што тој не постапувал согласно наредбите на своите претпоставени, што е задолжително согласно Законот за инспекциски надзор, а со тоа и ги надминал своите службени овластувања. |
| 9. | 48052 | 1 | Одлично составена жалба. Жалителот сосема оправдано ја заснова својата жалба на недоволно образложените докази и факти во решението, со што го користи Законот за општата управна постапка во случајот. |
| 10. | 47962 | 0 | Во жалбата недостасува да се наведе против кое решение таа се поднесува. Дополнително, не е наведен ниту еден од трите можни основи за жалба, а не постои ниту било какво појаснување зошто таа се поднесува. Во жалбата се предлага замена на изречената мерка со друга, но не е појаснето зошто предложената мерка би била посоодветна. |
| 11. | 47949 | 1 | Жалбата е исклучително добро срочена, како од содржинска така и од структурна гледна точка. Речиси не постои простор за подобрување. |
| 12. | 47977 | 0 | Иако жалбата е срочена добро од структурна гледна точка, жалителот не ги образложува основите; воедно членовите од наведените закони не се наведени (оставено е празно место). На крај, Законот за државни службеници не се применува од 2014 година. |
| 13. | 48021 | 0.5 | Жалбата е составена во ред од аспект на структурата, меѓутоа не е аргументирано зошто се смета дека фактичката состојба е погрешно утврдена (жалителот само наведува дека првостепениот орган не ги зел предвид сите факти и околности, односно земените не ги протолкувал соодветно, без да појасни на која точно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | околност тоа се однесува – дали тој не давал изјави во јавноста спротивно наредбата на директорот на неговиот орган или пак станува збор за нешто друго). |
| 14. | 47879 | 1 | Жалбата е одлично изработена, како во поглед на структурата, така и во поглед на содржината. Авторот на жалбата сосема адекватно го цитира Законот за просветната инспекција и го аргументира своето тврдење дека сите постапки на инспекторот се дел од неговите надлежности наведени во него. Истото се однесува и на аргументот според кој поништувањето на решението за инспекциски надзор од страна на второстепениот орган не значи, само по себе, дека решението било незаконско (токму затоа постои можноста за поведување на управен спор согласно Законот за управни спорови од 2006 година кој се применува до мај 2020 година). Во иднина кога ќе се пишуваат жалби можат да се земат во вид и одредбите од Законот за општата управна постапка кои се однесуваат на содржината и нужните елементи на решението како управен акт (за жал, иако се поминати 5 години откако овој закон се применува, државните органи и понатаму не ги подготвуваат своите решенија согласно членот 88 од ЗОУП). |
| 15. | 48059 | 0 | Иако жалбата е добра од содржинска гледна точка, таа се заснова на Законот за државни службеници кој не се применува од 2015 година, а воедно не е ниту образложено зошто се смета дека првостепениот орган погрешно ја утврдил фактичката состојба. |
| 16. | 48016 | 1 | Жалбата е одлична од секој аспект, а авторот одлично ја завршил својата истражувачка задача, повикувајќи се не само на законски одредби туку и на Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор каде се установени дополнителни права на вработените кога против нив се водат дисциплински постапки. |
| 17. | 48061 | 0.5 | Жалбата е добро срочена како од структурна, така и од содржинска гледна точка, а жалителот се повикува на материјалните прописи и детално образложува зошто смета дека е сторена повреда. Сепак, при составувањето жалби треба да се внимава да не дојде до повикување на закони кои не се применуваат, како што во случајот е Законот за државни службеници. Имено, тој закон не се применува од 2015 година, откако е на сила Законот за административни службеници. |
| 18. | 47994 | 1 | Жалбата е добро срочена и од содржинска и од структурна гледна точка, а особено е значајно што жалителот детално ги проучил одредбите од Законот за административни службеници каде се утврдува дека при одлучувањето која мерка ќе се одлучи треба да се земе предвид и претходното поведение на службеникот. |
| 19. | 47954 | 0 | Жалбата е добр осоставена од аспект на структурата, меѓутоа од содржинска гледна точка не е образложен ниту |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | еден основ за нејзиното поднесување. Идејата на вежбата е студентите самостојно да применат законски и други одредби на конкретна ситуација, а со тоа и да развиваат вештини за толкување на општи правила. |
| 20. | 48026 | 1 | Жалбата е одлично изработена од аспект на структурата. Од аспект на содржината, аргументите се јасни и недвосмислени и авторот успешно се повикува на материјалните прописи (Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета). Во иднина кога ќе се пишуваат жалби можат да се земат во вид и одредбите од Законот за општата управна постапка кои се однесуваат на содржината и нужните елементи на решението како управен акт (за жал, иако се поминати 5 години откако овој закон се применува, државните органи и понатаму не ги подготвуваат своите решенија согласно членот 88 од ЗОУП). |
| 21. | 47986 | 0 | Наведено е дека жалбата се поднесува до Комисијата за водење на дисциплинска постапка, што всушност е комисија во рамки на првостепениот орган (практично, жалбата би се поднела до истиот орган кој го донел оспорениот акт). Дополнително, содржински жалбата не е поткрепена; не постои ниту еден аргумент зошто органот погрешил. Во жалбата се споменува Законот за административни службеници, но не е наведено кои членови (пример, авторот навел дека „првостепениот орган лошо го променил членот ____ од Законот за административни службеници“). Идејата на вежбата е студентите да се обидат да ги најдат адекватните одредби и да ги применат на практична ситуација. |
| 22. | 47961 | 0.5 | Од гледна точка на структурата, жалбата е добро изработена. Жалбата не е елаборирана од содржинска гледна точка и не се наведува зошто се цени дека погрешил првостепениот орган. |
| 23. | 47990 | 0.5 | Жалбата е добро структурирана, но од содржинска гледна точка недостасуваат аргументи – не е јасно зошто жалителот толкува дека неговото дело претставува дисциплинска неуредност, а не дисциплински престап ниту пак за кое дело на дисциплинска неуредност станува збор. |
| 24. | 48108 | 0 | Идејата на оваа вежба е секој студент самостојно да се обиде да напише жалба, а со тоа и да ги зајакнува своите правнички вештини. Доставената жалба е идентична со таа на колегата со број на индекс 48059. |
| 25. | 48062 | 1 | Жалбата е одлично структурирана. Од аспект на содржината, во жалбата се врши соодветно повикување на одредбите од повеќе прописи вклучувајќи го и Законот за општата управна постапка, но и материјалниот пропис – Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Одличен е аргументот во втората точка од жалбата (дека не е наведен датумот кога е сторена повредата). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26. | 48013 | 0.5 | Жалбата е добро структурирана. Сепак, при подготвувањето на поднесоци секогаш треба да се внимава на прописите на кои тие ќе се засноваат. Во жалбата постои повикување на Законот за државни службеници кој од 2015 година не е на сила, односно е заменет со Законот за административни службеници (што е видливо и од самото оспорено решение кое во целост се заснова на Законот за административни службеници). |
| 27. | 47981 | 0.5 | Жалбата може значително да се подобри од аспект на нејзината структура. Прво, во горниот лев агол може да се наведе против кое решение се поднесува, со цел органот кој ќе ја прими веднаш да знае и да не мора да го пребарува тој податок во текстот. Второ, не е наведено дали жалителот смета дека е извршена повреда на правото (материјално или процесно) или пак фактичката состоба е погрешно утврдена. Во врска со содржината, жалителот би требало да повеќе да го аргументира своето тврдење дека дисциплинска повреда не е сторена, бидејќи во сегашната верзија станува збор само за повторување на она што е наведено во решението. |
| 28. | 48107 | 1 | Жалбата е одлична од двата аспекти, содржински и структурно. Аргументите се детални и јасни. Во иднина треба да се внимава на цитирањето на кривичното законодавство кога се подготвува жалба за дисциплинска повреда. Имено, дисциплинската и кривичната се два различни вида на одговорност. Извесно лице може да не е кривично одговорно, меѓутоа сепак да биде дисциплински. |
| 29. | 48002 | 1 | Како претходниот коментар. |
| 30. | 47995 | 1 | Одлично изработена жалба, како во поглед на структурата, така и во поглед на содржината. Аргументите се јасни и прецизни, а авторот исправно се повикува на општите правила на управната постапка (за содржината на управниот акт), но и другите правила (како на пример земањето на претходното поведение предвид при одмерувањето на санкцијата согласно Законот за административни службеници). |
| 31. | 48025 | 1 | Жалбата е одлично изработена, а аргументите се јасни и концизни. Како сугестија за подобрување, при подготвување на жалби во иднина треба да се има предвид дека не е нужно секогаш да се наведат трите основи за жалба (во овој случај на почетокот на жалбата е наведено дека е сторена повреда на постапката, а понатаму нема аргументи во тој поглед). |
| 32. | 47978 | 1 | Жалбата е одлично изработена, како од содржинска, така и од структурна гледна точка. Сосема исправно се истакнува неповрзаноста на дисциплинската и граѓанската одговорност и се користат материјалните прописи. Дополнително, авторот успешно го користи Законот за општата управна постапка кога истакнува дека не се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | содржани основните елементи на еден управен акт (грешка во упатството за правно средство). |
| 33. | 48046 | 1 | Жалбата е одлично изработена од структурна и содржинска гледна точка. Авторот успешно ги срочил своите аргументи, а особено е значајно што се разграничува дисциплинската од граѓанската одговорност. Како простор за подобрување, треба сепак да се земе предвид дека во првата точка е наведено повредување на правилата на постапката, а сепак се говори за повреда на материјалното право (органот соодветно ја спровел дисциплинската постапка и ги презел сите дејствија, меѓутоа погрешно го применил материјалниот закон, а тоа во случајот е Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор и Законот за просветната инспекција). |